# ВОДИЧ ЗА ЧЛЕНКИТЕ НА GS1 МАКЕДОНИЈА

## GS1 СТАНДАРД ЗА СЛЕДЛИВОСТ

## 1. Што е Следливост?

Одговор:

Спрема ISO 9001 Следливоста се дефинира како: способност да се следи историјата, примената или локацијата на предметот од интерес.

Спрема GS1 Следливоста се дефинира како: способност за следење нанапред на движењето преку специфицирани нивоа на напредниот синџир на снабдување и да ги следи наназад историјата, примената или локацијата на она што е предмет на интересот.

## 2. Зошто ни е потребна Следливоста?

Одговор:

Способноста да се следат материјалите и производите низ синџирот на снабдување стана составен дел на водењето на бизнисот. Традиционална употреба НА следливоста е идентификација и лоцирање на небезбедната храна или лекови и отстранат од трговијата.

Подоцна, системите за лоцирање и следење се користат за потврда на присуството или отсуството на атрибути важни за корисниците (на пример, органска храна, не-алергенска козметика). Следливоста исто така, стана алатка во борбата против фалсификувањето на производи и заштита на брендови.

Неодамна, следливост на храната стана регулаторно барање за заштита од биотероризмот.

Следливоста може да се користи за овие специфични цели, како алатка за да се проценат други деловни системи и алатки како што се:

- ✓ Управување со квалитетот.
- ✓ Управување со ризиците.
- ✓ Логистички текови.
- ✓ Комерцијални предности
- ✓ Евалуација на управувачките барања

Денес, следливоста повеќе од било кога стана основен услов за водење на бизнисот, главно во прехранбениот сектор и здравството.

## 3. Каков бенефит имаат корисниците од користењето на GS1 Стандардот за Следливост?

Одговор:

Сите ние како конзументи очекуваме производите кои ги купуваме да бидат безбедни, со добри перформанси и да имаат постојан квалитет. GS1 Стандардот за Следливост им помога на компаниите да ги постигнат овие очекувања. Кога се користи со други системи за квалитет и безбедност, стандардот ги идентификува материјалите и производите, што ќе овозможи полесно преминување на материјалите и продуктите во следната алка во синџирот на снабдување. Доколку се појави проблем, примената на овој стандард ќе го олесни лоцирањето на небезбедниот или дефектниот производ, неговото отстранување или држењето надвор од синџирот на снабдување, со што ќе се намали конзумацијата или користењето на небезбедниот или дефектен производ. Исто така, ни дава гаранција дека производите кои ги купуваме се безбедни.

## 4. Кој го разви GS1 Стандардот за Следливост?

Одговор:

Тимот за поддршка на потребите и барањата на индустријата, кој работи во GS1 Глобални Стандарди за Управување со Процеси, го разви Стандардот во 2005 година. Тимот е составен од 73 експерти од 18 земји, вклучувајќи ги и претставниците на:

| | | |
|---|---|---|
| Allied Domecq | General Mills | Safeway |
| Albertsons | Glon | Syngenta |
| BASF | GMA | Target |
| Carrefour | GS1 | TraceTracker |
| Casino | Imaje | Tyson Foods |
| CIES | John Deere Food Origins | Verisign |
| CPMA | Metler Toledo | Wal-Mart |
| Daymon | mpXML | Wegmans |
| Dole | Nestlé | |
| ECR Europe | NTT Data Corp | и многу други |
| FMI | P&G | |

## 5. Зошто GS1 го разви глобалиот Стандард за Следливост?

Одговор:

Компаниите бараат доследни решенија за следливост кои се протегаат низ целиот синџир на снабдување, без оглед на земјата или индустрискиот сектор.
Преку дефинирањето на заедничките минимални барања и потребните дејствија од страна на фирмите, секторите, државите или групите на трговски партнери, GS1 Глобалниот Стандард за Следливост ќе овозможи максимална интероперабилност меѓу системите за следливост низ целиот синџир на снабдување исполнувајќи ги барањата на одредени бизниси, трговски сектори или националните барања.

Цената на различни владини прописи, понуди на комерцијални сервиси и некомпатибилни комерцијални решенија за потрошувачите, компаниите и на глобалниот синџир на снабдување повика на дефинирање на следливоста како бизнис процес, кој е поддржан од доброволни деловни стандарди кои се прифатени во целиот свет.

За понатамошно развивање на нашата способност да им помогнеме на потрошувачите, компаниите и владите ширум светот, GS1 ја дефинираше следливоста како бизнис процес и го произведе Глобалниот Стандард за Следливост, кој сите ги поврзува за да се овозможат технологии и релевантни GS1 Систем алатки.

## 6. Каква е вредноста на GS1 Стандардот за Следливост?

Одговор:

GS1 успеа да создаде глобален бизнис договор за основните услови и вообичаен начин за опишување на процесот на следливост, а земајќи ги в предвид разликите наметнати од страна на различни законодавни и бизнис барања и очекувања во однос на овозможените технологии.

Додека бизнисите ја препознаваат вредноста на следливоста, тие не сакаат повеќекратни, потенцијално конфликтни, системи за следливост и не сакаат непотребно зголемени трошоци. Бизнисите исто така препознаваат дека индивидуална компанија е само еден од партнерите во синџирот на снабдување и дека синџирот е силен онолку колку што е силна неговата најслаба алка. Значи, тие сакаат систем кој лесно би можел да биде усвоен на едноставен начин од сите во синџирот на снабдување. Бидејќи, GS1 Стандардот за Следливост ги задоволува потребите на бизнисите, ние веруваме во дека тоа е поради следново:

- ✓ Тој е базиран врз постоечки бизнис пракси и дека нема потреба од купување, креирање или интегрирање на нови системи.
- ✓ Дека тој користи обичен јазик, GS1 Системот на идентификација и бар кодирање, исто како и GS1 EANCOM и GS1 XML пораките.
- ✓ Важнен е поради тоа што GS1 стандардите се користат во повеќе од 150 земји ширум светот од страна на големо мнозинство на парнери во синџирот на снабдување (има над 1.000.000 GS1 компании корисннчки).
- ✓ Има глобален пристап обраќајќи му се на целиот синџир на снабдување, наместо на некој индивидуален партнер.
- ✓ Тој темелно, ги опфаќа основите на следливоста - идентификација, добивање на
- ✓ податоци и управување, управување со врските, и комуникација.
- ✓ Тој се фокусира на интерфејсите на физичкиот проток на материјали и производи, со цел создавање на отворена, глобална врска меѓу независните партнери.
- ✓ Тој е флексибилен, препознавајќи ги различните околности во рамките на и меѓу секторите, со што се обезбедува прилагодена примена.
- ✓ Тоа им овозможува на компаниите да се дефинираат минималните барања за создавање на систем на следливост.

## 7. Што дефинира GS1 Стандардот за Следливост?

Одговор:

GS1 Стандардот за Следливост дефинира минимум услови и бизнис правила кои треба да се следат при дизајнирањето и имплементацијата на систем за следливост. Тие се групирани околу матрица на улоги и Одговорности во рамките на физичките и информациските суб-процеси:

- ✓ “Планирање и Организација” суб-процесот одредува како да се одредат, соберат, споделат и чуваат податоците за следливост. Понатаму, одредува како да се раководи со врските меѓу влезните податоци, внатрешните процеси и излезните податоци.
- ✓ “Подредување на Матичните Податоци” суб-процесот одредува како се идентификуваат странките и физичките локации, трговските единици и имотот ако е тоа соодветно. Исто така, се одредува како да се разменуваат матичните податгоци со трговските партнери.
- ✓ “Снимање на Податоците за Следливоста” суб-процесот одредува како да се бележи, применува и зачувува идентификацијата за следливост и како се собираат, разменуваат и чуваат податоците за следливост за време на физичкиот тек.
- ✓ “Потрага по Траги” суб-процесот одредува како се иницира и како се одговара на барање за следливост.
- ✓ “Користење на Информациите” суб-процесот им овозможува на претходните процеси соодветно да реагираат како што налагаат правните и бизнис правилата.

## 8. Каква разлика прави GS1 Стандардот за Следливост?

Одговор:

Потпирајќи се на бројот на иницијативите за следливост, регионални (ЕУ), национални (САД) или меѓународни (Codex, ISO), разбирливо е да се постави прашањето каква точка на различност обезбедува GS1 Стандардот за Следливост. Поедноставно кажано, овој Стандард пружа практиии насоки за она што другите иницијативи го бараат или препорачуваат. На пример, двете големи економии, ЕУ и САД, последниве неколку години усвоија прописи кои налагаат специфичните информации за следење на прехрамбените продукти да бидат собирани по системот “еден чекор напред, еден чекор назад” во рамките на синџирот на снабдување. Овие прописи како и да е, не прецизираат како ова треба да се направи, оставајќи ѝ на индустријата да ги пронајде најделотворните и најефикасните методи во нивните ситуации. На меѓународно ниво, Комисијата за Храна Codex развива основни упатства за следливост на храната во меѓународната тргивија и воспостави одреден број на корисни и важни принципи. Додека ISO 9000:2000 Quality System Management Standard е применлив не само за храната туку за сите продукти, неговиот пристап е систематски - критериумот и ограничувањата за секоја карактеристика на продуктот, како се мерат, акциите кои се преземаат ако производите се несоодветни, верификацијата, едукацијата на персоналот, итн, но не ги специфицира критериумот или потребната информација. Важно е да се назначи дека GS1 Стандардот за Следливост ја користи ISO дефиницијата за Следливоста.

Доколку компанијата поседува докажан глобален процес базиран врз GS1 Стандардот за Следливост тоа значи дека организацијата ги исполнува условите за корпоративната Одговорност.

## 9. Зошто GS1 е најдобро прилагоден за развој и поддршка на Стандардот за Следливост?

Одговор:

Од гледна точка на управување со информациите, системот за спроведување на следливост во рамките на синџирот на снабдување бара од сите заинтересирани страни систематски да го поврзуваат физичкиот тек на материјали, средства и готови производи со текот на информации за нив.

Ова бара сéопфатен поглед на синџирот на снабдување, што најдобро се остварува преку имплементирање на глобалниот јазик на бизнисот - GS1 Системот. Неутралноста и универзалната прифатеност низ светот го прави GS1 Системот уникатно позициониран за соодветно да одговори на барањата за дизајнирање и имплементација на системот за следливост.

Поради својата способност да обезбеди глобално уникатна идентификација на трговските предмети, средствата, логистичките единици, деловите и локациите, GS1 системот е особено добро прилагоден да се користи со цел следливост. Водечките бизнис организации од целиот свет го одобрија користењето на GS1 решенијата за следливос.

## 10. Што е Усогласеност на GS1 Глобалната Следливост?

Одговор:

GS1 GTC (GS1 Global Traceability Conformance Control Points and Compliance Criteria) (GS1 Глобални Точки за Усогласеност на Следливоста и Критериуми за Усогласување) е глобална алатка за следливост развиена за проактивен мониторинг од страна на производителите на производите и процесите кои обезбезбедуваат безбедност, квалитет, сертификација, потекло, содржина и усогласеност со локалните и меѓународните закони, вклучувајќи и го отповикувањето. Тој е развиен за да ѝ помогне на индустријата да го задржи вообичаениот и разбирливиот јазик на следливоста кога се споделуваат информации за следливоста меѓу трговските партнери долж целиот синџир на снабдување.

| **11. Кои се целта и опсегот на Усогласеноста на Глобалната Следливост?** |
| --- |
| Одговор: |
| Мерење на усогласеноста со GS1 стандардите и помагање при управувањето со операбилни извештаи со цел олеснување на подобрувањето. Го намалува ударот предизвикан од укинување или повлекување на производи со цел постигнување на подобра видливост на двиѓењето на производот користејќи ги GS1 стандардите. Обезбедува стандардизирана размена на информации меѓу инволвираните страни во синџирот на снабдување за зголемување на ефикасноста, транспарентноста и зголемување на довербата кај потрошувачите. Обезбедува усогласеност со прописите и со барањата за следливост на HACCP, BRC, IFS и GlobalGap. Ги исполнува главните прописи за храна, како што се 178-2000 ЕО, 2002 актот за Биотероризам – FDA и Законот за Храна во Јапонија меѓу другите. Сите поради  ефикасна Следливост. |

## 12. Зошто е развиена програмата за Усогласеност на Глобалната Следливост?

Одговор:

Програмата е развиена со цел:

- ✓ Преглед и проценка на подготвеноста на компанијата за воведување на системот за следливост.
- ✓ Да се оцени вистинската способност на компанија за вршење на следливост во согласност со барањата на клиентите, прописите, најдобрите пракси, како и светските стандарди.

Начин:

- ✓ Со користење на ригорозна методологија, технички критериуми и алатки како што е GTC контролната листа.
- ✓ Базирајќи се врз GS1 Глобалниот Стандард за Следливост.
- ✓ Преку усогласеност со ISO 22005 и преку дополнителните услови (BRC, SQF, IFS, HACCP, итн.).

За да се примени за:

- ✓ Оценка на Следливоста.
- ✓ Помош при решавањето на детектираните проблеми.
- ✓ Ревизија
- ✓ Евентуално добивање на GS1 Печат.

## 13. Дали Стандардот е применлив на сите видови компании и синџири на снабдување?

Одговор:

Стандардот претставува опис на највисоко ниво на процесот на следливост кој овозможува и промовира соработка во синџирот на снабдување. Истовремено, тој дозволува секоја компанија да дизајнира сопствен систем за следливост во однос на широчината, длабочината и прецизноста во согласност со сопствените комерцијални цели.

Преку дефинирање на минималните услови и активностите кои се бараат од трговските партнери, GS1 Стандардот за Следливост овозможува максимална интероперабилност меѓу системите за следливост ширум системите за следливост во рамките на целиот синџир за време на прилагодувањето кон специфичните комерцијални барања, условите во индустрискиот сектор и законските прописи.

Тој служи како основен стандард кој треба да се користи како почетна точка за идентификација на особените барања на секој учесник во синџирот на снабдување. Оваа рамка ќе им овозможи на бизнисите и владите ширум светот едноставен пристап и разбирање на клучните принципи.

## 14. Како корисниците и провајдерите на решенија исправно ќе го применат GS1 Стандардот за Следливост?

Одговор:

Исправното толкување и имплементацијата на Стандардот имаат највисок приоритет за GS1 Заедницата. Поради тоа, на едукацијата се гледа како темел врз кој треба да се изгради глобална заедница на GS1 акредитираните и/или сертифицираните имплементатори на GS1 Стандардот за Следливост. Се смета дека опсежен модул на училишно и е-учење преку GS1 Програмата за Следливост е најдобриот начин за тренинг и за постојните и новите корисници, како и за провајдерите на решенија. Оваа програма ќе биде достапна преку глобалната мрежа на GS1 Организациите Членки во преку 100 држави.

Како дополнување на овие тренинзи, GS1 организациите членки остваруваат стратешка соработка со многу провајдери на технологии кои помагаат во имплементацијата на стандардите за следливост.

## 15. Како понатаму GS1 Стандардот за Следливост ќе се одржува и развива?

Одговор:

Советот за Следливост на глобалната GS1 ќе биде постојана платформа врз која ќе се структуираат и развиваат сите GS1 активности за следливост. Стандардот ќе функционира и ќе се развива во рамките на GSMP и под водство на глобалниот GS1 Совет за Следливост, со застапеност на индустријата и трговијата.

## 16. Кои области не ги покрива GS1 Стандардот за Следливост?

Одговор:

✓ Тој не е стандард за внатрешната следливост, иако ги покажува влезните и излезните податоци кои мораат да бидат поврзани со внатрешниот систем за следливост.

✓ Не е закон или пропис, иако е дизајниран да помага на бизнисите да се усогласат со постојните и очекуваните закони или прописи.

✓ Тој не е замена за услуги како што се оспособувањето или поддршката, иако ги идентификува видовите на информации и основните спецификации за кои давателот на услуги мора да води сметка при креирањето на системот за управување со следливоста.

✓ Тој не е замена за програмите за безбедност или за квалитет, туку дополнување кога ќе се појави некој проблем. На пример, за програмите за безбедност на храната како што е CIES - Глобална иницијатива за безбедност на храната и програмите за квалитет како што е GLOBALGAP.

| |
|---|
| **17. Кого треба да го контактирам за да дознаам повеќе за GS1 Стандардот?** |
| Одговор: |
| GS1 Организациите членки можат да обезбедат совет околу GS1 Стандардот за Следливост и било која постојна надградба, поддршка за време на проектот за имплементација на политиката за следливост, помош за идентификација на технологијата која најмногу одговара и да помогне при добивањето на потребното ниво на знаење и тренинг за оваа технологија и соодветните GS1 Стандарди.<br><br>Во случај на индустрискиот сектор, можеби ќе сакате да се формираат работни групи со учество на претставници од сите видови на оператори во вашиот индустриски сектор. GS1 организацијата членка може да биде организатор и домаќин за да се олеснат формирањето и функционирањето на ваквите работни групи. Ако индустрискиот сектор смета дека има потреба за надградба на генеричкиот стандард, GS1 организацијата членка ќе обезбеди совети и поддршка во овој процес. |

Листата на GS1 организации членки можете да ја најдете на интернет страницата на GS1 Македонија: www.gs1mk.org.mk

Македонија

GS1 Македонија

ул. Маршал Тито бр. 19
1000 Скопје

Директор:
Слаѓана Милутиновиќ

тел. 02/ 32 54 250
факс: 02/ 32 54 254

smilutinovic@gs1mk.org.mk

www.gs1mk.org